**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 383 од Законот за трговски друштва, Собранието на БИМ а.д. Свети Николе на седницата одржана на ден 11.09.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор на Претседавач на Собранието**
**на акционери**

**Чл.1**

За Претседавач на Собранието на акционери се избира лицето Јованка Панева.

**Чл.2**

Мандатот на избраниот Претседавач трае до изборот на нов Претседавач.

**Чл.3**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ а.д. Св.Николе

БИМ
Свети Николе
FABRI KA ZA HI DROI ZOLACI SKI MATERI JALI

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 383 од Законот за трговски друштва, Собранието на БИМ а.д. Свети Николе на седницата одржана на ден 11.09.2023 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за избор на бројач на гласови на Собранието на акционери

**Чл.1**

За бројач на гласови на Собранието на акционери се избира лицето Лидија Арсовска.

**Чл.2**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ а.д. Св.Николе

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 383 од Законот за трговски друштва, Собранието на БИМ а.д. Свети Николе на седницата одржана на ден 11.09.2023 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Член 1

Се одобрува Одлуката за проширување на предметот на работење бр.02-324/2 од 08.08.2023 година донесена на Одборот на директори на БИМ а.д. Свети Николе врз основа на член 10 од статутот на БИМ а.д. Свети Николе.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседавач на Собрание на

акционери на БИМ а.д. Св.Николе

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 383 и член 418 став 3 од Законот за трговски друштва, Собранието на БИМ а.д. Свети Николе на седницата одржана на ден 11.09.2023 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за измена на статутот

Член 1

Се врши измена на Статутот на друштвото Фабрика за производство на битуменски изолациони материјали БИМ а.д. Свети Николе во делот на проширување на предметот на работење.

Член 2

Се менува член 9 од Статутот на друштвото и променетиот член гласи:

Член 9

Друштвото Фабрика за производство на битуменски изолациони материјали БИМ АД Свети Николе како претежна дејност ќе врши:

- 23.99 Производство на други неметални минерални производи, неспомнати на друго место

Друштвото ќе ги врши сите дејности утврдени со националната класификација на дејности - НКД освен оние за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен или на друг надлежен орган – Општа клаузула за бизнис.

Друштвото ќе врши и дејности во надворешниот промет.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Член 4

Се задолжува Одборот на директори да изготви пречистен текст на Статутот во кој што ќе се внесат измените извршени со оваа Одлука.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ а.д. Св.Николе

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Одлука на Собрание бр. 02-159/9 од 26.5.2022 година се одобрија средства за инвестиција за изградба на фотонапонска централа во БИМ а.д. Свети Николе која беше пуштена во употреба за производство на електрична енергија за сопствени потреби во декември 2022 година. На ден 06.07.2023 година беше поднесено Барање до Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република С. Македонија за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ ''БИМ''. Барањето беше поднесено со цел вишокот на произведената електрична енергија да може да се продава и да се остварува приход и на тој начин да се намали рокот на поврат на инвестицијата. За да може да се комплетира Барањето поднесено до Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република С. Македонија и да се добие потребната лиценца, согласно Известувањето добиено од нивна страна, потребно е да се изврши проширување на предметот на работење на друштвото. На ден 08.08.2023 година Одборот на директори на БИМ а.д. Свети Николе донесе Одлука за проширување на предметот на работење на друштвото. Поради горенаведеното се предлага промена на Статутот на друштвото во делот кој се однесува на проширување на предметот на работење на друштвото.

FABRIKA ZA HIDROIZOLACISKI MATERIJALI

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 20 од Статутот на Друштвото, Собранието на БИМ а.д. Свети Николе на седницата одржана на ден 11.09.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За определување на овластено лице за поднесување на пријава за упис во Централен регистар**

**Чл.1**

За лице овластено за поднесување на пријава за упис во Централен регистар се определува Адвокат Гоце Тасков од Свети Николе со седиште на ул. Вера Циривири бр.1 Свети Николе.

**Чл.2**

Доколку лицето од чл.1 биде спречено од било кои причини, се овластува Генералниот директор да ополномошти друго лице за поднесување на пријава за упис во Централен регистар.

**Чл.3**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на

акционери на БИМ а.д. Св.Николе